ШПИЦ
Четврток 17 јули 2008

# Рисот и пастрмката - цел на ловџиите и на шверцерите

Горан НАУМОВСКИ

**За жив уловен рис, кој веќе е раритет, сопственици на вештачките ловишта во соседството плаќале и до 7.000 евра за да го добијат.**



Ќе останат ли рисот и пастрмката само декор на паричките?

Рисот, дивото животно што е врежано во монетата од пет денари, е во исчезнување. Во иста ситуација е и светски познатата охридска пастрмка, која е исцртана на паричката од два денари. Како што неофицијално дознаваме, за жив уловен рис, кој веќе е раритет, сопственици на вештачките ловишта во соседството плаќале и до 7.000 евра за да го добијат. Најмалку 2.000 евра чинел белоглавиот орел, а ако било женка, цената била многу поголема. Прекумерниот илегален лов и шверц на ретки животни речиси целосни истреби четири видови, кои живееле само на територијата на државава. Шакалот, кој порано се сретнувал во поголем број, денеска е во групата исчезнати видови. Моментално загрозени се 16 видови птици и 20 ендемски риби. Во Македонија веќе се исчезнати шакалот, црвениот елен и големиот и малиот тетреб.

Дел од дивите животни што се во вештачко изумирање, како што дознаваме од полицијата, се барани и од колекционерите, како во земјава, така и во странство. Најнова мода е шверцување на ретки видови на пеперутки, кои се ловат најчесто на падините на Матка, Јакупица и Пелистер, а потоа за големи пари им се препродаваат на странци.

- За да се подигне свеста и знаењето за растителното и животинското богатство, кое исчезнува, наскоро ќе биде публикувана „Црвена книга" на сите животни на кои им претстои истребување. Меѓу најпознатите животни што се пред исчезнување се мршојадците, рисот и белоглавиот орел. Во обид да ги заштитиме животните посебно орелот, неколку пати организиравме негова прехрана во резерватите Матка и Тиквеш. Пастрмката како најпознатата наша риба, исто така, е постојано цел на рибокрадци - вели Миле Јакимовски, директор на Управата за заштита на животната средина.

Македонија од добро организираните шверцерски групи на ретки животни не ретко се користи и како транзит држава.

Тринаесет неотровни северноамерикански змии, долги дваесетина сантиметри, стари околу еден месец, беа откриени во обид за шверц на преминот Табановце, во автомобил на словачки државјанин. Царинската управа змиите тогаш ѝ ги подари на Зоолошката градина каде што сега се чуваат на топло и во соодветни услови. Овие влечуги се од родот неотровна планинска кралска змија, која расте и до 1,5 метри, не се опасни по човекот, а се хранат со други змии. Полицијата тогаш повикувајќи се на изјава на шверцерот, информираше дека змиите биле купени во Грција, а како крајна дестинација бил црниот пазар во Западна Европа.

Нашите змии, како што дознаваме од полицијата, засега не се интересни за шверцерите.